Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

## Извадок на дел од дневни настани 16.01.2020

На 16.01.2020 во 00.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул. „АСНОМ" го лишиле од слобода М.Т.(18) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.01.2020 во 22.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба, го лишиле од слобода Ф.Ж.(20) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.01.2020 околу 21.40 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар на ул.„Браќа Ѓиновски" во Гостивар го лишиле од слобода С.Р.(30), затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 15.01.2020 во 23.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Видое Смилевски Бато" ги лишиле од слобода Л.Б.(21) и Н.Д.(26), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.01.2020 во 23.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Њуделхиска", го лишиле од слобода Т.Б.(18) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.01.2020 во 04.50 часот на Граничен премин „Долно Блаце" бил лишен од слобода А.Р.(24) од Р.Косово, поради непоседување на документ за идентификација. Лицето е предадено на полициски службеници од Регионален центар за гранични работи „Север" за понатамошна постапка.

На 15.01.2020 во 12.20 часот на Граничен премин „Табановце" бил лишен од слобода Ф.Е.(23) од Р.Турција, кој при пасошка контрола приложил туѓа патна исправа. Лицето е ределено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 15.01.2020 во 16.40 часот било пријавено дека во с.Селце, тетовско, при паркирање на патничко возило во двор од куќа било повредено петгодишно дете од страна на неговиот дедо Ш.Г. Детето се здобило со тешки телесни повреди, по што било пренесено во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Тетово.

На 15.01.2020 во 12.00 часот било пријавено дека во с.Браилово, прилепско, настанал пожар во куќа сопственост на Ј.Т.(38) од с.Браилово, при што тој починал на местото на настанот. Смрт констатирал лекар од Итната медицинска помош. Пожарот бил изгаснат, а извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 15.01.2020 во 14.10 часот во Полициската станица Центар, Е.Ѓ.(23) од Скопје пријавила дека на ул.„Црвена Вода" била касната од куче скитник во пределот на левата нога.

Полициски службеници од СВР Битола на 15.01.2020 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека двајца возачи биле под дејство на алкохол, при што истите се отстранети од сообраќај. Покрај ова, двајца возачи разговарале на мобилен телефон додека управувале возило, а еден возач не користел сигурносен појас. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 15.01.2020 во 10.50 часот во Полициската станица Аеродром, С.Ц.(60) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 15.01.2020 во 18.45 часот во Гевгелија бил лишен од слобода И.П.(41) од Гевгелија, поради постоење основи на сомнение дека е сторител на кривично дело „измама" по член 247 од Кривичниот законик. Пријавениот, во неколку наврати во изминатиот период, извршил кривични дела „измама", лажно претставувајќи се и како З.Ј., наводно вработен како теренски работник во ПИОМ Скопје, при што доведувал во заблуда поголем број на граѓани од Р.С.Македонија, барајќи од нив да уплатат од 1700 до 4000 денари, а со цел да подигнат парични средства од сметката на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во висина од 170.000 до 450.000 денари по разни основи. Од страна на полициски службеници, при извршен претрес во домот на пријавениот, биле пронајдени и одземени телефонски апарати, сим-картички, документи и поголем број на мобилни телефонски броеви и лични податоци од оштетени лица. За настанот е известен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот, против пријавениот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против О.М.(23), А.Н.(35), двајцата од Битола и Т.Ј.(44) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело ,,неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 07.01.2020 во 02.10 часот, на магистралниот пат Охрид-Ресен, кај депонијата „Буково", полициски службеници сопреле патнички автомобил со кој се превезувале пријавените и при извршен преглед пронашле и одзеле една вреќа со 4,5 килограми марихуана.

СВР Скопје, Единица за внатрешни работи - Одделение за криминалистички работи за Аеродром и Драчево поднесе кривична пријава против Н.Д.(48) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба", согласно член 236 од Кривичниот законик, при што се стекнал со противправна имотна корист од околу 27.000 денари. На 14.09.2019 околу 15.00 часот на паркинг простор помеѓу два хотела на бул. „АСНОМ", пријавениот со тврд предмет скршил стакло на патничко возило „бмв-х6", со кавадречки регистарски ознаки, сопственост на оштетениот Л.М., при што одзел лаптоп и лични документи на оштетениот.

Поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело „недозволено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", СВР Охрид до надлежното Јавно обвинителство поднесе кривична пријава против М.Б.(24) од Скопје. Тој, на С.Б.(28) од Скопје, му продал марихуана.

На 15.01.2020 околу 21.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бензинска пумпа на ул.„Беласица", две лица со закана со оружје врз вработените, одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.01.2020 околу 03.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред трговски центар на бул.„8 Септември" настанал пожар во патничко возило „мини купер", со скопски регистарски ознаки, сопственост на С.Т.(51) од Скопје, а огнот зафатил и патничко возило „шевролет орландо" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Р.Ј.Р.(49) од Скопје. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Извршен е увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.01.2020 во 03.30 часот во СВР Скопје, Р.З.(54) од Скопје пријавил дека околу 00.10 часот на бул.„АСНОМ" неговиот 17-годишен син, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од С.Б. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.01.2020 во ОВР Кавадарци од страна на правно лице од Кавадарци е пријавено дека на 12.01.2020 сопственикот добил телефонски повик од лице кое се претставило како Г.К., претставник од фирма од Богданци, со цел да закаже одржување семинар за повеќе странски инвеститори кои би престојувале неколку дена во хотелскиот објект. Според пријавеното, подоцна Г.К. испратил возило од такси компанија од Кавадарци и побарал услуга од сопственикот да му даде 20.000 денари, за таксистот да ги однесе во Куманово, од каде требало да се набават подароци за гостите, а потоа тој да му ги врати парите. Парите, според пријавата, биле дадени на таксистот, кој ги предал на едно лице во Куманово, но Г.К. веќе не бил достапен на телефонскиот број. Се работи на расчистување на случајот.
Исто така, на 13.01.2020 год. во 13.50 часот во Полициската станица - Кавадарци О.К.(41) од Кавадарци, управител во такси компанија од Кавадарци пријавил дека бил измамен на 06.01.2020, околу 09.50 часот, кога по телефон му се јавило лице Г.К., менаџер на деловен субјект од Богданци и му побарал превоз со минибус на неколку лица од аеродромот Скопје до Гевгелија, а крајната дестинација да биде Охрид, кој што е чинел 18.000 денари. Според пријавеното, по кратко време Г.К. повторно му се јавил и го замолил да испрати 15.600 денари во Куманово, преку такси возач од Велес, за да бидат купени подароци за гостите. Според пријавеното, тој го контактирал таксистот кој го известил дека парите ги дал на лице во Куманово. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.01.2020 околу 15.30 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во угостителски објект на ул.„113", по претходна расправија, дошло до физичка пресметка помеѓу Н.А.(20) и Р.Ш.(44), и двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.01.2020 во 16.29 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" бил донесен Б.Р.(38) од Скопје, кој се здобил со повреда при извршување работни задачи при поставување колектор на р.Вардар. Од страна на лекар на Б.Р. му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје, а за настанот е известен и Инспектор од државен инспекторат за труд. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.01.2020 во 15.20 часот во Полициска станица Аеродром, А.А.(22) од Скопје пријавила дека на пешачка патека на ул.„23 Октомври" била касната од куче скитник.

На 15.01.2020 во 15.40 часот во Полициска станица Аеродром, Т.Г.(55) од Скопје пријавила дека на ул.„69", во близина на железничкиот мост, била касната од куче скитник во пределот на нозете.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет